**ГРАД СКОПЈЕ**

**ПРЕДЛАГАЧ:**
**Градоначалник на Град Скопје**
**ИЗГОТВУВАЧ: Сектор за образование**

**ПРЕТСТАВНИК: Секретар на Град Скопје**

**ПОВЕРЕНИК: Раководител на**
**Сектор за образование**

# ПРЕДЛОГ – ОДЛУКА
**за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици во учебната 2023/2024 година во средните училишта на Град Скопје**

Скопје, септември 2023 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 28, став 4 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 229/20), Советот на Град Скопје на _________ седница, одржана на _____ 2023 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Одлуката**
**за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици во учебната 2023/2024 година во средните училишта на Град Скопје**

**Член 1**

Во Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици во учебната 2023/2024 година во средните училишта на Град Скопје („Службен гласник на Град Скопје“ број 10/23) се вршат следниве измени и дополнувања:

1. Во член 1, точка 5, по алинеја 5 се додава нова алинеја 6 која гласи:
   - 1(една) паралелка со 15 ученици во стручно образование, во образовен профил економски техничар, од економско-правна и трговска струка, на албански наставен јазик, со четиригодишно траење на образованието (со зголемен број часови по практично образование поминати во компанија).

2. Во член 1, точка 15, алинеја 5 се менува и гласи:
   - 2(две) паралелки со по 31 ученик во стручно образование од образовен профил архитектонски техничар, градежно - геодетска струка на македонски наставен јазик со четиригодишно траење на образованието.

3. Во член 1, точка 16, алинеја 2, зборовите во заградата се бришат.

   Во член 1, точка 16, алинеја 3 се менува и гласи:
   - 2(две) паралелки со по 14 ученици во стручно образование од образовен профил/квалификација фризер во струка/сектор лични услуги, за настава на македонски наставен јазик со тригодишно траење на образованието (со зголемен број часови по практично образование поминати во компанија);

   Во член 1, точка 16, алинеја алинеја 4 се менува и гласи:
   - 1(една) паралелка со 13 ученици во стручно образование од образовен профил/кфалификација фризер во струка/сектор лични услуги, за настава на македонски наставен јазик со тригодишно траење на образованието (со зголемен број часови по практично образование поминати во компанија);

   Во член 1, точка 16, алинеја 5 се менува и гласи:

- 1(една) паралелка со 5 ученици во стручно образование од образовен профил/квалификација фризер во струка/сектор лични услуги, на турски наставен јазик со тригодишно траење на образованието;

Во член 1, точка 16, алинеја 6 се менува и гласи:

- 1(една) паралелка со 7 ученици во стручно образование од образовен профил/квалификација естетичар за нега на раце и нозе во струката лични услуги, на албански наставен јазик со тригодишно траење на образованието (со зголемен број часови по практично образование поминати во компанија);

Во член 1, точка 16, алинеја 8 на крајот од реченицата се додаваат зборовите: (со зголемен број часови по практично образование поминати во компанија).

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје".

С О В Е Т Н А Г Р А Д С К О П Ј Е
K Ë SH I LL I I QYTETIT TË SHKUPIT
ПРЕТСЕДАТЕЛ, KRYETAR,
д-р Трајко Славевски

Број ______________
____________2023 година
С к о п ј е

**О б р а з л о ж е н и е**

Со член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 05/02) утврдена е надлежноста на Советот на Град Скопје да одлучува.
Во член 28, став 2 од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија“ број 44/95) е определено дека бројот на учениците во паралелките во јавните училишта не може да биде помал од 25 и поголем од 34 ученици. Во истиот член, став 3, утврдено е дека паралелка може да се формира и со помал број на ученици од законски утврдениот минимум, по добиена согласност од основачот, а по претходно позитивно мислење од Министерството за образование и наука.
По добиените барања на училиштата за формирање паралелки со помал број на ученици од 25, и позитивното мислење на Министерството за образование и наука во однос на истите (допис број 08-7367/1 од 10.07.2023 година) Советот на Град Скопје на триесет и втора седница одржана на 20 јули 2023 година донесе *Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици во учебната 2023/2024 година во средните училишта на Град Скопје* („Службен гласник на Град Скопје“ број 10/23) која се предлага да претрпи одредени измени и дополнувања.
Измените и дополнувањата се однесуваат на три училишта на Градот Скопје за коишто Министерството за образование и наука до Градот Скопје достави дополнителни дописи и тоа *Измена на доставена согласност* со број 13-6592/45 од 03.08.2023 година(прилог 1) и *Измена на доставена согласност* со број 13-6592/48 од 22.08.2023 година(прилог 2). Со овие дописи Министерството за образование и наука го известува Градот Скопје дека по направени дополнителни анализи на нашите барања како и согласно информациите од училиштата за настанати промени во бројот на запишани ученици и планирани паралелки потребно е да се изврши усогласување и прецизирање на претходнодадената согласност со број 25-7367/2 од 19.07.2023 година.
Имено, се дописот број 13-6592/45 од 03.08.2023 година се укажува дека бројот на одобрени паралелки во СУГС„Здравко Цветковски“ потребно е да се намали од три на две, во образовниот профил архитектонски техничар, за да се усогласи со Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта. Исто така во истиот допис се укажува дека се одобрува уште една паралелка во образовен профил економски техничар во СУГС„Арсени Јовков“.
Со дописот број 13-6592/48 од 22.08.2023 година Министерството за образование и наука укажува дека врши корекција во описот на паралелките на претходнодадената согласност за СУГС„Димитар Влахов“.

Имајќи го во предвид горенаведеното, **се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помал број на ученици во учебната 2023/2024 година во средните училишта на Град Скопје.**